Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

# Н А Ц Р Т - З А П И С Н ИК

од Тринаесеттата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, одржана на 16.07.2026 година

Скопје, јули 2026 година

**Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К**

од Тринаесеттата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество,
одржана на 16.07.2026 година

Седницата започна во 11:00 часот, преку видеоконференциска врска со употреба на интернет комуникација.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Никица Кусиникова, Здружение Конект Скопје.

На седницата присуствуваа: Гоце Стоиловски - Министерството за внатрешни работи, Суеда Бајрами - Министерство за односи меѓу заедниците, Селвет Барути- Министерство за европски прашања, Весна Блажески Синадинова - Министерство за здравство, Александра Крстеска Ангеловска - Министерство за социјална политика, демографија и млади, Стефан Вангелски - Министерство за локална самоуправа, Оливера Јакшиќ Транталовска и Марјан Патлиџанковски - Министерство за дигитална трансформација, Валентина Величковска - Македонски центар за меѓународна соработка Скопје, Дарко Аврамовски - Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење”, Маја Атанасова - Македонско здружение на млади правници, Скопје, Беба Жагар - Институт за европска политика Скопје, Моника Илиоска Кантарџиоска - Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп, Мартина Иљаз -Здружение Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ-Скопје, Елизабета Божиноска - ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје, Рубин Николоски - Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси ПРО Локал Битола, Зоран Димов - Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија-ЗРДИЦМ Скопје, Данче Даниловска Бајдевска - Фондација за интернет и општество Метаморфозис Скопје и Драгица Вучковиќ - Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор Битола.

На седницата не присуствуваа членовите на Советот или нивните заменици: Бојана Босилкова или Александра Цветановска - Министерство за правда, Ангелина Јакимовска или Оливера Маркоска Ивановски - Министерство за финансии, Елизабета Поп-Ангелова или Бети Попова - Министерство за економија и труд, Весна Виѓњевиќ или Александра Анчева - Министерство за образование и наука, Снежана Ристовска или Ирина Димовска - Министерство за култура и туризам, Наим Вренези или Ениса Далипи - Министерство за животна средина и просторно планирање, Сузана Стојановска или Ирена Лозана - Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје и Теа Зографска или Мартина Станковиќ-Сојуз-Национален совет за родова рамноправност Скопје.

На седницата на Советот присуствуваа и претставници на Генералниот секретаријат на Владата: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Миа Деспотовска, Елпида Самарџиоска и Кристина Ризовска Кутретински од Секторот за анализа на политиките и координација и Зоран Илиески од проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ финансиран од Европската унија.

*

* *

Врз основа Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го утврди следниов:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

- Усвојување на Записникот од Дванаесеттата седница на Советот, одржана на 16.06.2026 година

1. Годишен план за комуникација за 2026 година на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

2. Предлог-деловник за дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

3. Шестмесечен извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028

4. Нацрт-јавен повик за учество на претставници на граѓански организации во Комитетот за следење на Инструментот за реформи и раст

5. Барање од Теа Зографска за престанок на членувањето во Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и објавување на Јавен повик за избор на член и заменик член на Советот од редот на здруженија и фондации во областа Родова еднаквост

6. Статус на подготовка на Предлог-законот за здруженија и фондации и Предлог-законот за социјални претпријатија

7. Концепт -документ: Национален фонд за јавен интерес, општествена солидарност и партнерство - Иницијатива за започнување на постапка за подготовка на системски закон и воспоставување нов модел на партнерство помеѓу државата, бизнис-заедницата, граѓанското општество и граѓаните во Република Северна Македонија

8. Прашања и предлози

*
*          *

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество едногласно и без забелешки го усвои Записникот од Дванаесеттата седница на Советот, одржана на 16.06.2026 година

*
*          *

**<u>Точка 1</u>**

Никица Кусиникова ги поздрави присутните и отвори дискусија по првата точка од дневниот ред, потсетувајќи дека Годишниот план за комуникација за 2026 година на Советот произлегува од Комуникациската стратегија на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество 2026-2028

и е резултат на работата во групи на работилницата за Комуникациската стратегија (15-16.06.2026 година) и дополнителното усогласување што го направиле заедно со Маја Атанасова. По завршување на периодот на летни одмори ќе се одржи состанок на членовите на Постојаната работна група за комуникации, за планирање на активностите предвидени во овој план.

<u>Заклучок:</u>

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го разгледа и усвои Годишниот план за комуникација за 2026 година на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

<u>Точка 2</u>

На барање на претседателката на Советот, Сузана Никодијевиќ-Филиповска ги образложи предложените измени на Деловникот за работа на Советот, со кои се уредува постапката во која Советот, на барање на Собранието на Република Северна Македонија, номинира член од граѓанскиот сектор од областа на владеење на правото и правосудството во Комисијата за селекција на кандидати за членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија, односно во Комисијата за селекција на кандидати за членови на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

Данче Даниловска Бајдевска предложи да се прецизира дека оваа постапка се применува кога Собранието ќе се обрати до Владата преку Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанското општество. На тој начин би се избегнало толкување дека членот на Советот од областа Владеење на правото и борба против корупцијата има обврска да следи дали Собранието има објавено повик и за тоа да ги информира мрежите на граѓански организации кои работат во оваа област.

Елизабета Божиноска посочи дека во Деловникот за работа на Советот не е уредена постапката за избор на заменик член на Советот во случај кога постојниот заменик член се повлекува. Како можно решение предложи да се овозможи организацијата од каде што доаѓа заменик членот да може да номинира нов заменик кој секако би ја поддржал програмата.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска укажа дека постапката за избор на членови на Советот од редот на организациите е уредена со Одлуката за формирање на Совет, кандидатите за член и заменик член може да се од иста или од различна организација, под услов да се предложени во една пријава. Ако на член на Советот му престане членувањето во Советот, а нема заменик член, предвидено е објавување на јавен повик. Во ситуации кога нема заменик член, а членот е спречен да учествува на седница на Советот, може да присуствува претставник на организацијата без право на глас.

Данче Даниловска Бајдевска не се согласи во случај кога нема заменик член, на седницата на Советот да може да присуствува претставник на организацијата без право на глас, бидејќи при избор на членови и заменици членови релевантни се нивната биографија и организацијата од каде што доаѓаат. Правото да присуствува претставник ќе треба подеднакво да се применува и за членовите од администрацијата, со што ќе создаде проблем за обезбедување кворум за одлучување на седниците. Потенцираше дека кога се отвора одлука која поминала низ консултативен процес со граѓанските организации се подразбира дека и измените треба да го следат истиот процес и препорача тие да однесуваат за следниот состав на

Советот. Предложи ова прашање првично да се разгледа во помал состав, а потоа и на седница на Советот.

Валентина Величковска укажа дека отварањето процес на измени на Одлуката за формирање на Советот би можело да повлече и други прашања, како на пример вклучување во составот на член од Министерство за јавна администрација. Се согласи дека измени на Одлуката треба да се вршат низ консултативен процес и со оглед на постоење повеќе приоритетни прашања од спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество и Програмата за работа на Советот, оцени дека треба да се размисли дали е соодветно во овој момент да се преземат такви чекори.

Маја Атанасова ја поддржа констатацијата дека измените на Одлуката треба да подлежат на консултативен процес и предложи како преодно решение да се користи опцијата гостин без право на глас, кој сепак ќе може да ја пренесе информацијата до организациите кои работат во соодветната област, меѓутоа од друга страна тоа би можело неповолно да влијае на обезбедувањето кворум.

Никица Кусиникова предложи колку што е можно побрзо да се најде решение за ова прашање, со цел да не се стават во незавидна положба членовите на Советот кои немаат заменици, поддржувајќи го предлогот работна група во помал состав да ги разгледа одредбите на Одлуката за формирање на Советот.

<u>**Заклучок:**</u>

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го разгледа Предлог-деловникот за дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и го донесе Деловникот во предложениот текст, со дополнување во член 35-а став (1) по зборовите „се обрати до Владата“ да се додадат зборовите „преку Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанското општество“.

## <u>Точка 3</u>

Никица Кусиникова отвори дискусија по Шестмесечниот извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028, за периодот јануари-јуни 2026 година, подготвен од страна на Одделението за соработка со невладини организации. Во врска со оценката на Министерството за финансии за активностите од мерката за унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации, предложи да се побараат конкретни предлози ова министерство за одржливо финансирање на граѓанските организации.

Валентина Величковска потсети дека Македонскиот центар за меѓународна соработка и Граѓанскиот ресурсен центар исто така го следат спроведувањето на Стратегијата и предложи да се побара образложение од министерствата кои што доцнат со спроведувањето на активностите.

Никица Кусиникова сподели информација за учество на состанок на граѓански организации со Еврокомесарката Марта Кос на кој било оценето е пропуштено вклучување на темата овозможувачка околина за граѓанските организации во Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027, па ги охрабри колегите од министерствата да ги искористат ресурсите кои ги имаат на располагање, со цел да може паралелно да се работи и на овие аспекти.

<u>Заклучоци:</u>

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го разгледа Шестмесечниот извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028, како материјал за информирање.

2. Се препорачува членови на Советот од редот на граѓанските организации да учествуваат на координативните состаноци на Одделението за соработка со невладини организации со членовите на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанското општество, што ќе се одржат во периодот септември-октомври 2026 година, со цел навремено спроведување на планираните активности од Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028.

## <u>Точка 4</u>

Никица Кусиникова ја отвори дискусијата за Нацрт-јавниот повик за учество на претставници на граѓански организации во Комитетот за следење на Инструментот за реформи и раст, со Нацрт-пријава. Потсети дека за состанокот на Комитетот одржан во јуни оваа година немаше доволно време да се спроведе соодветна постапка за избор на претставниците на граѓанските организации, по учествуваа два члена на Советот, но Советот се обврза да објави јавен повик со цел да се овозможи пошироко учество на граѓанските организации.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека Министерството за европски прашања доставило формално барање за учество на претставници на граѓанското општество во Комитетот за следење на Инструментот за реформи и раст, како и условите што треба да ги исполнуваат кандидатите и областите во кои се очекува нивно учество. Појасни дека јавниот повик се однесува на избор на 16 претставници на граѓански организации, согласно приоритетните области од Реформската агенда, како и дека кандидатите треба да имаат најмалку три години искуство во граѓанскиот сектор, општо разбирање на процесот на интеграција во Европската Унија, познавање на Реформската агенда и активно познавање на англискиот јазик. Во однос на роковите, предложи јавниот повик да биде објавен на 17 август 2026 година, со рок за поднесување на пријавите до 15 септември 2026 година, со цел да се обезбеди доволно време за информирање на граѓанските организации, доставување на пријавите и нивно разгледување на следната седница на Советот.

Валентина Величковска оцени дека предложениот рок е соодветен, а во однос на улогата на претставниците во Комитетот појасни дека нивното учество не треба да се сведува само на присуство на годишниот состанок, туку тие треба континуирано да го следат спроведувањето на Реформската агенда во областите за кои се номинирани, да спроведуваат консултации со граѓанските организации и на состаноците на Комитетот да ги претставуваат нивните ставови и наоди.

Заклучоци:

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го разгледа и прифати текстот на Јавниот повик за учество на претставници на граѓански организации во Комитетот за следење на Инструментот за реформи и раст.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации, на 17.08.2026 година, на www.nvosorabotka.gov.mk да објави Јавен повик за учество на претставници на граѓански организации во Комитетот за следење на Инструментот за реформи и раст, со рок за поднесување на пријавите до 15.09.2026 година.

<u>Точка 5</u>

Никица Кусиникова информираше дека Теа Зографска достави барање за престанок на членувањето во Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, поради приватни причини и други приоритети, а заменикот член Мартина Станковиќ од јануари не е член на Национален совет за родова рамноправност. Посочи дека е подготвен Нацрт-јавен повик за избор на член и заменик член на Советот од редот на здруженија и фондации во областа родова еднаквост, при што е потребно Советот да го констатира престанокот на нејзиното членство и да одлучи за објавување на јавниот повик.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска ги информираше членовите на Советот за роковите и постапката за спроведување на јавниот повик. Посочи дека повикот може да биде објавен веднаш или по завршувањето на периодот на годишни одмори, имајќи предвид дека постапката вклучува рокови за пријавување, административна проверка, гласање и утврдување на ранг-листа, по што следува доставување на предлогот до Владата за донесување на решение за именување. Согласно Одлуката за формирање на Советот, при подготовка на Извештај за пријавени организации со кандидати и Листа на кандидати според бројот на добиени гласови од страна на вработените во Одделението за соработка со невладини организации потребно е присуство на два члена на Советот од редот на граѓанските организации.

Во дискусијата беа изнесени различни мислења во однос на терминот за објавување на јавниот повик. Валентина Величковска оцени дека е важно целата постапка да заврши навреме за изборот да биде финализиран до следната седница на Советот, при што посочи дека периодот на годишни одмори може да влијае врз информираноста на организациите.

Елизабета Божиноска сметаше дека јавниот повик треба да се објави веднаш, бидејќи организациите во областа Родова еднаквост веќе се информирани за испразнетото место и имаат можност навремено да ги подготват своите кандидатури.

Во понатамошната дискусија беше посочено дека е важно да се обезбедат еднакви можности за учество на сите заинтересирани организации, но и навремено да се заврши постапката за избор на нов член на Советот. Сузана Никодијевиќ-Филиповска дополнително појасни дека за избор на кандидат е потребно да гласаат најмалку пет организации од соодветната област.

По спроведената дискусија, членовите на Советот се согласија јавниот повик да биде објавен веднаш.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го констатира престанокот на членувањето во Советот во областа Родова еднаквост, на лично барање, на Теа Зографска и Мартина Станковиќ од Сојуз -Национален совет за родова рамноправност Скопје.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации, во најкус можен рок, на www.nvosorabotka.gov.mk да објави Јавен повик за избор на член и заменик член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженија и фондации во областа Родова еднаквост.

## Точка 6

Никица Кусиникова информираше дека шестата точка од дневниот ред е од информативен карактер и се однесува на статусот на подготовка на Предлог-законот за здруженија и фондации и Предлог-законот за социјални претпријатија. Посочи дека до членовите на Работната група од Министерството за правда е доставена последната работна верзија на Предлог-законот за здруженија и фондации, во која се вградени дел од коментарите дадени за време на јавните расправи и консултациите со засегнатите страни. Информираше дека текстот ќе биде споделен со членовите на Советот, со цел да достават евентуални дополнителни коментари пред неговото доставување до Венецијанската комисија.

Елизабета Божиноска информираше дека останува на претходно доставеното издвоено мислење во однос на предложеното продолжување на рокот за јавните повици од 15 на 30 дена, сметајќи дека ваквото решение негативно ќе влијае врз организациите што обезбедуваат здравствени услуги и навременото обезбедување на услугите за крајните корисници, имајќи предвид дека постапките за објавување на јавните повици и склучување на договорите и досега значително доцнат.

Во дискусијата, Никица Кусиникова посочи дека прашањето произлегува од начинот на кој Министерството за здравство ги планира овие средства, односно како проектна поддршка, наместо како финансирање на услуги, и оцени дека станува збор за пошироко системско прашање кое заслужува дополнителна тематска дискусија.

Елизабета Божиноска истакна дека прашањето е поврзано и со работата на Советот, потсетувајќи дека потребата од обезбедување одржливост на здравствените услуги е предвидена и во стратешките документи. Воедно, повторно укажа дека Советот сè уште нема добиено информација од Министерството за здравство за статусот на Предлог-законот за здравствена заштита и другите законски решенија за кои претходно беа доставени забелешки преку ЕНЕР.

Никица Кусиникова ги повика членовите на Советот да ја разгледаат последната верзија на Предлог-законот за здруженија и фондации и евентуалните коментари и забелешки да ги достават навремено, за истите да бидат проследени до работната група и Министерството за правда.

Во однос на Предлог-законот за социјални претпријатија, Александра Крстеска Ангеловска информираше дека сè уште се очекува информација за терминот за одржување на состанок со надлежните претставници од Министерството за социјална политика, демографија и млади. Посочи дека во моментот се воспоставува нов кабинет на министерот, по што ќе оствари комуникација и ќе го информира Советот за понатамошниот тек на активностите.

**Точка 7**

Никица Кусиникова, ја најави последната точка од дневниот ред, која се однесуваше на Концепт-документот „Национален фонд за јавен интерес, општествена солидарност и партнерство" – иницијатива за започнување постапка за подготовка на системски закон и воспоставување нов модел на партнерство помеѓу државата, бизнис-заедницата, граѓанското општество и граѓаните во Република Северна Македонија, поднесена од Зоран Димов.

Зоран Димов ја образложи иницијативата, истакнувајќи дека таа има за цел отворање институционален процес за подготовка на концепт и нацрт-закон за формирање Национален фонд за јавен интерес, општествена солидарност и партнерство. Посочи дека иницијативата не предвидува нов буџетски товар ниту воведување нови даноци, туку воспоставување транспарентен и доброволен механизам за поттикнување инвестиции во проекти од јавен интерес, во рамките на постојниот правен и фискален систем. Воедно, нагласи дека предложениот модел се темели на европските практики за користење даночни поттици, филантропија и јавно-приватни партнерства, со можност да се развие решение усогласено со Уставот, националното законодавство и европските стандарди.

Сузана Никодиевиќ Филиповска информираше дека во втората половина на август, на www.nvosorabotka.gov.mk, Одделението за соработка со невладини организации објавува Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата. Предложи материјалот да биде доставен на овој јавен повик како иницијатива со пополнување на соодветниот образец, што ќе биде проследен до ресорните министерства, кои ќе ја оценат неговата усогласеност со приоритетите од Програмата за работа на Владата 2024-2028.

Мартина Иљаз ја поддржа иницијативата, оценувајќи дека таа се темели на добри европски практики и е во согласност со искуствата стекнати преку спроведување проекти финансирани од Европската унија и искажа подготвеност за состанок за ова прашање во Здружението Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ-Скопје.

Никица Кусиникова посочи дека слични механизми се применуваат во повеќе земји од Централна и Источна Европа, каде што граѓаните имаат можност да определат процент од својот данок за организации од јавен интерес, но тоа не подразбира формирање Фонд, како независна институција.

Валентина Величковска истакна дека во Предлог-законот за здруженија и фондации веќе е предвиден механизам за кофинансирање и посочи дека е потребно да се избегне отстапување од решенијата предвидени во Стратегијата. Таа побара појаснување дали предложената иницијатива се преклопува со постојните законски решенија или претставува проширување на концептот преку вклучување на бизнис-заедницата и други чинители.

Данче Даниловска укажа дека концептот треба дополнително да се разработи, бидејќи во сегашната форма е поставен на општо ниво. Таа нагласи дека е потребно да се анализираат постојните механизми за распределба на јавни средства, да се избегне воспоставување паралелни институции и преклопување на надлежностите, како и да се оцени финансиската одржливост на предложениот модел. Воедно, посочи дека најнапред е потребно иницијативата да биде доставена до Владата на Република Северна Македонија на разгледување, согласно предложената постапка.

**Заклучок:**

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество се информираше со Концепт -документ: Национален фонд за јавен интерес, општествена солидарност и партнерство - Иницијатива за започнување на постапка за подготовка на системски закон и воспоставување нов модел на партнерство помеѓу државата, бизнис-заедницата, граѓанското општество и граѓаните во Република Северна Македонија, препорача материјалот да се дополни и предлагачот да го достави во вид на иницијатива на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2027 година, што ќе биде објавен на www.nvosorabotka.gov.mk во втората половина на август оваа година.

<u>Точка 8</u>

Претседателката на Советот, Никица Кусиникова, отвори простор за прашања, предлози и иницијативи за идните активности на Советот.

Марјан Патлиџанковски предложи до членовите на Советот, кон крајот на август, да ја достави на мислење Нацрт-стратегијата за вештачка интелигенција, која е во подготовка во Министерството за дигитална трансформација, од работната група составена од претставници на академската заедница, односно професори од ФИНКИ, ФЕИТ и МАНУ.

Данче Даниловска нагласи дека, согласно принципите за учество на засегнатите страни во креирањето јавни политики, граѓанското општество треба да биде рамноправен партнер во процесот на подготовка на ваквите стратешки документи. Таа укажа на значењето на Стратегијата за вештачка интелигенција, особено во делот на етичката примена, за што се залага Фондацијата Метаморфозис, како и за јакнењето на дигиталната писменост и управувањето со ризиците од примената на вештачката интелигенција. Предложи претставници на граѓанскиот сектор да бидат вклучени во самата работна група, а не само во фазата на јавни консултации, повикувајќи се на позитивни примери од подготовката на други стратешки документи.

Никица Кусиникова ја поздрави иницијативата и истакна дека Нацрт-стратегијата е од особено значење за граѓанскиот сектор и дека таа била член на претходната работна група формирана од Фондот за иновации и технолошки развој. Препорача Министерството за дигитална трансформација да ја разгледа можноста за вклучување претставници од граѓанскиот сектор во работната група.

Валентина Величковска предложи на една од наредните седници да бидат поканети претставници кои ги подготвуваат анализите за EU Guidelines и Мониторинг-матрицата за овозможувачка средина за граѓанските организации, со цел да ги презентираат наодите и да се отвори дискусија за овозможувачката средина и идните приоритети на Советот.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество препорачува Министерството за дигитална трансформација да вклучи претставници на граѓански организации во работната група за изработка на Стратегијата за вештачка интелигенција, а Предлог-стратегијата да се стави на дневен ред на седница на Советот, пред нејзиното доставување во владина постапка.

2. На една од наредните седници на Советот да се стават на дневен ред Извештајот за 2025 за спроведување на Насоките на Генералниот директорат за соседство и преговори за проширување за ЕУ поддршка на граѓанското општество во регионот за проширување 2021-2027, што го подготвува проектот Hajde4EU (EU-funded Regional Technical Assistance on Civil Society and Media Support in the Western Balkans and Türkiye) и Матрицата за мониторинг на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество за 2025 година, што ја подготвува Македонскиот центар за меѓународна соработка.

По исцрпувањето на дневниот ред, претседателката Никица Кусиникова им се заблагодари на присутните за учеството и ја затвори седницата, посакувајќи им пријатен летен одмор на сите членови на Советот.

Седницата заврши во 12:50 часот.

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество

Никица Кусиникова

ДОСТАВЕНО ДО:

- Лидија Најдова-Ниневска и Гоце Стоиловски- Министерство за внатрешни работи
- Бојана Босилкова и Александра Цветановска - Министерство за правда
- Суеда Бајрами и Егзона Локи - Министерство за односи меѓу заедниците
- Селвет Барути и Марија Николовска Ѓорѓиев- Министерство за европски прашања
- Ангелина Јакимовска и Оливера Маркоска Ивановски - Министерство за финансии
- Елизабета Поп-Ангелова и Бети Попова - Министерство за економија и труд
- Јован Грповски и Весна Блежески Синадинова - Министерство за здравство,
- Весна Виќњевиќ и Александра Анчева - Министерство за образование и наука
- Шпреса Саиди и Александра Крстеска Ангеловска - Министерство за социјална политика, демографија и млади
- Стефан Вангелски и Александра Куновска - Министерство за локална самоуправа
- Снежана Ристовска и Ирина Димовска - Министерство за култура и туризам
- Оливера Јакшиќ Транталовска и Марјан Патлиџанковски- Министерство за дигитална трансформација
- Наим Вренези и Ениса Далипи - Министерство за животна средина и просторно планирање
- Валентина Величковска и Дарко Димов - Македонски центар за меѓународна соработка Скопје
- Дарко Аврамовски и Лејла Тутиќ - Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење" Скопје
- Маја Атанасова и Бојана Божиновска Силјановска - Македонско здружение на млади правници-МЗМП Скопје
- Симонида Кацарска и Беба Жагар - Институт за европска политика Скопје
- Никица Кусиникова и Виктор Мирчевски - Здружение Конект Скопје
- Моника Илиоска Кантарџиоска и Томислав Гајтаноски - Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп
- Сузана Стојановска и Ирена Лозана- Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје
- Асиб Зекир и Мартина Иљаз – Здружение Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ Скопје
- Теа Зографска и Мартина Станковиќ - Сојуз-Национален совет за родова рамноправност Скопје
- Елизабета Божиноска - ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје и Андреј Сених, Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ- Заедно посилни, Скопје
- Емилиа Ѓероска и Рубин Николоски - Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола
- Зоран Димов- Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија- ЗРДИЦМ Скопје и Ахмет Јашаровски – Центар за ромска заедница ДРОМ Куманово
- Бардил Јашари и Данче Даниловска Бајдевска - Фондација за интернет и општество Метаморфозис Скопје
- Драгица Вучковиќ и Милорад Вучковиќ - Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор Битола

Подготвиле: м-р Елпида Самарџиоска, советник во Одделение за соработка со невладини организации
Кристина Ризовска Кутретински, виш соработник за спроведување на ИСО стандардот за квалитет
Контролирала: м-р Миа Деспотовска, раководител на Одделение за соработка со невладини организации
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ Филиповска, раководител на Сектор за анализа на политиките и координација